08-1623/1
27-05-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 18– та седница одржана на ден 21.05.2025 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предмет со бр. 08-1287/1 од 22.02.2020 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-1287/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1287/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-1287/1 од 22.02.2020 година е оформен по Годишен план за следење на имотната состојба за 2020 година.

ДКСК на 13.02.2020 година го усвои Годишниот план за следење на имотната состојба и интереси во кој беше планирано да се изврши проверка на вистинитоста на податоцита од анкетните листови на 27 претседатели на основни судови. Согласно овој план беше оформен предметот 08-1287 од 22.02.2020 година за проверка на податоците од анкетниот лист на претседател на ------------, ------------------.

ДКСК, од страна на лицето ----------------- побара да достави податоци (ЕМБГ) и сродство за лицата кои со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на лицето ---------------------- беа доставени се бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на --------------------- и за имотот на членовите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По утврдената анализа на обезбедените податоци утврдено е дека лицето ----------------------- нема несразмерно зголемен имот.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р Н.М.Т., р.о.
Согласен: К.З., р.с.